**Повик за придонес на граѓанските организации кон Четврвтиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2018 -2020) од Стратегијата за реформа на јавната администрација за периодот јануари – декември 2021 година**

Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст МИОА) во моментов е во фаза на подготовка на четвртиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот план (2018 -2020) од Стратегијата за реформа на јавната администрација (во натамошниот текст Стратегијата) за периодот јануари – декември 2021 година.

Согласно Стратегијата, МИОА е надлежно за подготвување на полугодишни и годишни извештаи за степенот на спроведување на мерките и активностите и постигнување на планираните резултати утврдени со Акцискиот план од истата. Извештаите се подготвуваат врз основа на информациите и податоците од следењето на спроведувањето на мерките и активностите доставени од страна на надлежните водечки органи/институции утврдени во Акцискиот план.

Четвртиот годишен извештај ќе ги опфати сите четири квартали од 2021 година (периодот јануари - декември 2021 година) и ќе известува за активностите со рок за спроведување до крајот на четвртиот квартал и за активности кои отпочнале во некој од четирите квартали од 2021 година, но се со рок на извршување во 2022 година. Ова значи дека извештајот ќе даде одговор на прашањата дали активностите течат согласно предвидената динамика и дали може да се очекува дека ќе се спроведат во предвидениот рок.

За обезбедување на квалитетен извештај преку инклузивен и транспарентен процес на подготовка, уште во фазата на подготовка на Стратегијата заедно со граѓанските организации беше одлучено тие активно да бидат вклучени во сите фази од спроведување на истата.

Со таа цел, МИОА упатува повик до граѓанските организации кои спроведуваат активности поврзани со следење на активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата за за реформа на јавната администрација за доставување придонес кон четвртиот годишен извештај, во однос на согледувањата, информациите и податоци за степенот на спроведувањето на активностите од Акцискиот план.

Придонесот во електронска форма треба да се достави до Министерството за информатичко општеството и администрација најдоцна до 31 јануари 2022 година на следната меил адреса: srja@mioa.gov.mk.